Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-530/10
15.09.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 05/2002, 84/2020, 202/2024), член 24, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 8/23) и Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“, број 18/25), а во врска со Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров, („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“, број 5/25) и во врска со Јавниот повик за распределба на финансиски средства предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

О Д Л У К А

за избор на корисници на финансиски средства од буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2026 година за реализација на активности од Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година

Член 1

За реализација на активности предвидени со Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, бр. („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“, број 18/25), поединечно се доделуваат финансиски средства во следните износи на:

1. Спортски манифестации – вкупен износ од 870.000 ден.:

Арх. бр.	Апликант	Побарани износ	Доделен износ
02-1390/5	Ге-Ге Стрит Баскет	60.000	60.000
03-1456/1	ЗГ Мирослав Стратиев-Миро 3х3 Баскет	60.000	60.000

Член 2

Финансиски средства за реализација на активностите не се доделени на следниот апликант, заради некомплетно доставена документација:

1. Вклучување на лица со посебни потреби во спортот

Арх. бр.	Апликант	Причина
03-1456/2	ЗГ ЦС и Р На деца и младинци „НЕУРОСТИ-МОЛУС“	Некомплетна документација - недостасуваат дипломи (сертификати) за докажување на стручноста на ангажирани лица за реализација на активноста, како и други документи наведени во Јавниот повик.

Член 3

Доделените финансиски средства наведени во член 1 од оваа Одлука да се исплатат од буџетот на Општината Ѓорче Петров, на приложените жиро-сметки кон апликациите по Јавниот повик, што секој апликант поединечно ги навел. Исплатата да се реализира за Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", број 18/25)", конто 463110 - трансфер до здруженија на граѓани; контои 463120 – трансфер до клубови; и конто 464990 – други трансфери.

Член 4

Апликантите на кои им се доделени финансиски средства, по конечноста на оваа Одлука, должни се да склучат поединечни договори со Општината Ѓорче Петров со коишто конкретно ќе се уредат меѓусебните права и обврски на двете договорни страни.

Член 5

Недоделените финансиски средства денари да останат на сметката на Општината Ѓорче Петров за да може во иднина истите да бидат искористени согласно законските прописи.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб-страната на Општина Ѓорче Петров.

Копија од оваа Одлука да се достави до сите апликанти на Јавниот оглас.

О б р а з л о ж е н и е :

Општината Ѓорче Петров врз основа на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров, („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", број 5/25)", објави Јавен повик за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на спортот од интерес на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, бр. 02-1391/1 од 20.08.2026 година.

Градоначалникот на Општината Ѓорче Петров, согласно Правилникот, со Решение, бр. 02-530/1 од 17.03.2026 година формираше Комисија за спроведување на постапка за објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства предвидени со Програмата, бр. 02-1391/1 од 20.08.2026 година. Комисијата ги разгледа примените апликации на Јавниот повик и констатираше дека во утврдениот рок, уредно аплицирале вкупно три апликанти од кои:

- на двајца од нив им се доделени финансиски средства, според објавените критериуми во Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на спорт од интерес за Општина Ѓорче Петров. Наведеното е прикажано во член 1 од диспозитивот на оваа Одлука; и

- за еден апликант не му се доделени финансиски средства заради: некомплетна документација, од којашто не може да биде утврдено дали апликантот располага со стручен тим, компетентен за организирање на активност во којашто ќе бидат вклучени

лица со посебни потреби во спортот. Исто така кон оваа апликација не се приложени и оставатите документи пропишани со Јавниот повик.

Описот на апликациите е прикажан во член 1 и член 2 од диспозитивот на оваа Одлука.

При распределбата на средствата не е извршено бодирање, заради специфичноста на организирање на манифестации, а доделениот износ на апликантите е во износ на побараниот, наведен во апликацијата.

Со оглед на сето горенаведено, се одлучи како во диспозитивот на Оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Во рок од 5 дена сметано од денот на објавувањето на оваа Одлука на веб-страната на Општина Ѓорче Петров, може да се поднесе приговор против истата до Комисијата за доделување на буџетски средства од Програмата за спорт за 2026 година, формирана со Решение донесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Градоначалник,
Александар Стојкоски

Доставено до:
-сите апликанти, во копија
-архива и до Сектор за финансиски прашања, во оригинал

Изготвил: Е. Кучера, член на Комисија
Одобрил: Игор Јуруков, претседател на Комисија